Република Македонија
НОТАР
Зорица Пулејкова
за подрачјето на Основните судови
на градот Скопје
Кузман Јосифовски Питу 15

ОДУ број 293/18
Книга XIII

ИЗВОД

04.04.2018 година ---------------------------------------------------------------------------
(Четвртти ден, месец април, две илјади и осумнаесетта година) ---------------
Во Скопје, во 12 (дванаесет) часот, 00 (нула) минути.------------------------------

Јас, нотар Зорица Пулејкова, со службено седиште на бул.Кузман Јосифовски Питу број 15 во Скопје, денес, на 4 април 2018 година (Четвртти ден, месец април, две илјади и осумнаесетта година), на покана од КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. Орце Николов број 3 во Скопје, присуствував на седница на Собранието на акционерите на Банката која се одржа на денешен ден во Сити Мол, 2 кат, Сала број 4-Комерцијална Банка, на ул.Љубљанска број 4 во Скопје, со почеток во 12 (дванаесет) часот и 00 (нула) минути, при што, согласно член 93 од Законот за нотаријатот (Службен весник на Република Македонија, број 72/2016, и број 142/2016), и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговските друштва, го составив следниот -------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ
на КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје

---------------------------------------------------------------------------------------------------
Од страна на КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје на мое барање ми беше предочена следната документација: ---------------------------------------------

1. Тековна состојба на Банката од Единствениот трговски регистар издадена од Централниот регистар на Република Македонија, од која утврдив дека КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. Орце Николов број 3 во Скопје, е запишна во Единствениот трговски регистар што го води Централниот регистар на Република Македонија, со ЕМБС 4065573; ---------------------------------------------------
2. Акционерската книга на КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД Скопје, со состојба на ден 02.04.2018 година, во 13 часот, 09 минути, 06 секунди, во која се евидентирани акционерите на Друштвото, со вкупен број на обични акции 2.279.067 и вкупен број на гласови 2.279.067, од кои со право на глас на ден 04.04.2018 година-2.276.681; -----------------------------
3. Јавен повик за учество на Собрание на Банката објавен во дневниот весник "Слободен печат" на 02.03.2018 година; -------------------------------
4. Списокот на акционери кои гласале по пат на коресподенција, и -------

Списокот на пријавените и присутни акционери лично или преку полномошник на седницата на Собранието, со број на акции односно гласови. Од наведените списоци, по нивната верификација, се утврди дека на седницата на Собранието се претставени акционери на Банката кои се сопственици на обични акции со право на глас на 4 април 2018 година и нивни застапници или полномошници, со вкупно 1.323.930 гласа, што претставува 58,15% од вкупниот број на обични акции со право на глас. Списокот на претставени акционери на Банката лично или преку нивни застапници или полномошници, претставува составен дел на овој Записник. ---------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------

Седницата ја отвори г. Илија Гечев, како претседавач избран на претходното Собрание на акционери на Комерцијална банка АД Скопје, и објави дека записникот од седницата на Собранието ќе го води нотар Зорица Пулејкова од Скопје. -------------------------------------------------------
Тој ги извести присутните акционери и претставници на акционери дека согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Банката, од увидот во Списокот на акционери кои гласале по пат на коресподенција, и Списокот на пријавените и присутни акционери лично или преку полномошник на седницата на Собранието, кои им биле достапни на сите акционери заради вршење на увид во истите до почетокот на седницата, може да се констатира дека на Собранието се присутни или претставени акционери со вкупен број од 1.323.930 акции со право на глас од вкупниот број акции со право на глас на ден 04.04.2018 година кој изнесува 2.276.681 акции. ---------------------------------------------------------------------------------------
Г. Илија Гечев констатира дека преку увидот во списоците на акционерите, утврдил дека на седницата се претставени акционери на Банката кои се сопственици на обични акции и нивни застапници или полномошници, со вкупно 1.323.930 гласа, што претставува 58,15% од вкупниот број на обични акции со право на глас на 4 април 2018 година, при што 1.158.036 акции или 50,87% учествуваат по пат на коресподенција, и 165.894 акции или 7,28% учествуваат со лично присуство или преку полномошник на седницата на Собранието, така што постои кворум за работа на Собранието според предложениот Дневен ред, по кој како прва точка е Избор на Претседавач на Собранието. Г. Илија Гечев појасни дека согласно одредбите од Статутот на Банката, Претседавачот со Собранието на акционерите се избира за секое одделно Собрание, поради што за да продолжи со работа ова Собрание, потребно е да се избере од редот на акционерите нов Претседавач со Собранието кој ќе претседава и раководи со седницата. -----------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------

Потоа извести дека до Комерцијална банка АД Скопје, група акционери на Банката доставиле во писмена форма предлог, во кој за Претседавач со Собранието на Банката го предлагаат г. Илија Гечев, кој ги исполнува условите да биде Претседавач на Собранието бидејќи е акционер на Банката и дека друг предлог не е доставен, така што го стави на гласање предлогот за избор на г. Илија Гечев за Претседавач со Собранието.

Акционерите гласаа со писмена коресподенција, или јавно, со кревање на рака. За предлогот за избор на г-дин Илија Гечев акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ---------------------------
Г. Илија Гечев констатира дека со 1.323.930 гласа-ЗА , односно 100% од акциите со право на глас претставени на Собранието за Претседавач со Собранието на акционерите е избран г. Илија Гечев. ----------------------------
Претседавачот г. Илија Гечев се заблагодари на акционерите на укажаната доверба, и констатира дека се исполнети условите за работа на Собранието по предложениот дневен ред. ------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред да ја продолжи работата по дневниот ред Претседавачот предложи да се изберат пет бројачи на гласови. Група акционери во писмена форма имаат доставено предлог со кој за бројачи на гласови се предложени следните лица: г. Мартин Стрезоски, г. Горан Кузмановски, г-ѓа Ивана Веловиќ, г.Дарко Аргакиев, и г. Драгољуб Ставрев. Со оглед на тоа што други предлози немаше, Претседавачот објави дека за секој предлог ќе се гласа јавно и поединечно, и го стави на гласање предлогот за избор на г. Мартин Стрезоски за бројач на гласови со Собранието. Акционерите гласаа со писмена коресподенција, или јавно, со кревање на рака. -----------
За предлогот за избор на г. Мартин Стрезоски акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----------------------------
За предлогот за избор на г. Горан Кузмановски акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----------------------------
За предлогот за избор на г-ѓа Ивана Веловиќ акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----------------------------
За предлогот за избор на г.Дарко Аргакиев акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ------------------------------------
За предлогот за избор на г. Драгољуб Ставрев акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----------------------------------
Претседавачот констатира дека за бројачи на гласови се избрани лицата: г. Мартин Стрезоски, г. Горан Кузмановски, г-ѓа Ивана Веловиќ, г.Дарко Аргакиев, и г. Драгољуб Ставрев. -----------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот појасни дека Дневниот ред предложен за оваа седница согласно член 52 од Статутот на Банката е соопштен со повикот за учество на Собранието, и истиот бил уредно објавен во весникот "Слободен печат" на 02.03.2018 година, како и на интернет страницата на Комерцијална банка АД Скопје и на интернет страницата на Македонската берза на хартии од вредност. ------------------------------------------------------------
По објавувањето на Повикот со материјалите за Собранието, точката 11 од Дневниот ред-Предлог-одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје била корегирана на барање на Народната

банка на Република Македонија, и истата била соодветно објавена на 26.03.2018 година во законски утврдениот рок од најмалку 8 (осум) дена пред одржување на Собранието. ---------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека материјалите по точките од Дневниот ред, вклучувајќи ја и корегираната точка, во законските рокови биле достапни на увид секој работен ден по објавувањето на повикот, во просториите на седиштето на Банката, во соба број 307 на 3-тиот кат во зградата број 1 на Банката, на интернет страницата на Комерцијална банка АД Скопје и на интернет страницата на Македонската берза на хартии од вредност. ---------------------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се пристапи кон третата точка од Дневниот ред- Посебни финансиски извештаи на Комерцијална Банка АД Скопје за 2017 година, ревидирани од ревизорско друштво, со Мислење од Надзорниот одбор, и со Предлог-Одлука за усвојување на извештаите и Мислењето од Надзорниот одбор. Претседавачот отвори дискусија по посебните финасиски извештаи на Банката и извештаите на ревизорската куќа. -------

Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа со писмена коресподенција, или јавно, со кревање на рака. За донесување на Предлог-Одлуката за усвојување на посебните финасиски извештаи на Комерцијална Банка АД Скопје за 2017 година, ревидирани од ревизорско друштво, и на Мислењето на Надзорниот одбор, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). -----------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја прифати Предлог-Одлуката и донесе Одлука за усвојување на посебните извештаи на Комерцијална Банка АД Скопје за 2017 година, ревидирани од ревизорско друштво, и на Мислењето на Надзорниот одбор, и истата претставува Прилог А кон овој Записник. ----------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина на четвртата точка од Дневниот ред- Консолидирани финансиски извештаи на Комерцијална Банка АД Скопје за 2017 година, ревидирани од ревизорско друштво, со Мислење од Надзорниот одбор, и со Предлог-Одлука за усвојување на извештаите и Мислењето од Надзорниот одбор. Претседавачот отвори дискусија по Консолидираните финасиски извештаи на Банката и извештаите на ревизорската куќа. -------

Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. -----------------------------------

За збор се јави акционер кој во својата дискусија наведе дека од анализа на последните десет години на работењето на Банката во делот на приходите кои се прикажани како исправка на вредност и други приходи, многу мал процент односно само 36% се враќа по основ на други приходи, додека останатиот дел се губи, и праша дали тоа се должи на лоши проценки при пласмени на кредитите.-------------------------------------------------------------------

За збор се јави акционер кој праша колкав дел од резервациите до крајот на 2018 година се однесуваат за Фени, и дали има разлика меѓу износот на

долгот на Брилјант спрема Банката и износот кој е наплатен од овој субјект. -----------------------------------------------------------------------------------------------

Одговор на прашањата даде г.Хари Костов, кој наведе дека овие податоци од Извештаите се менуваат, така што голем дел од побарувањата ќе бидат наплатени, што ќе може да се види во извештаите за првиот квартал од 2018 година. По однос на Фени наведе дека се направени резервации во висина од 45% во консултација со НБ на РМ, и дека долгот на Фени спрема Банката е наплатен во целост. По однос на долгот на Брилјант спрема Банката наведе дека истиот не е во целост наплатен, но е наплатен поголем износ од оној за кој е запозната јавноста. --------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа со писмена коресподенција, или јавно, со кревање на рака. За донесување на Предлог-Одлуката за усвојување на консолидираните финасиски извештаи на Комерцијална Банка АД Скопје за 2017 година, ревидирани од ревизорско друштво, и на Мислењето на Надзорниот одбор, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја прифати Предлог-Одлуката и ја донесе Одлуката за усвојување на консолидираните извештаи на Комерцијална Банка АД Скопје за 2017 година, ревидирани од ревизорско друштво, и на Мислењето на Надзорниот одбор, и истата претставува Прилог Б кон овој Записник. ------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се пристапи кон петата точка од Дневниот ред- Годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за периодот од 01.01. до 31.12.2017 година, со Предлог-Одлука за усвојување на Годишната сметка. Претседавачот појасни дека во Годишната сметка е прикажано финансиското работење на Банката, со утврден биланс на состојба на 31.12.2017 година, при што добивката по оданочување изнесува 820.580.558,00 денари. Претседавачот отвори дискусија по Годишната сметка на Банката. -----------------------------------------

Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа со писмена коресподенција, или јавно, со кревање на рака. За донесување на Предлог-Одлуката за усвојување на годишната сметка на Комерцијална Банка АД Скопје за 2017 година, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја прифати Предлог-Одлуката и донесе Одлука за усвојување на Годишната сметка на Комерцијална Банка АД Скопје за 2017 година, и истата претставува Прилог В кон овој Записник. -----------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина на шестата точка од Дневниот ред-Консолидирана годишна сметка на Комерцијална банка АД Скопје за периодот од 01.01. до 31.12.2017 година, со Мислење од Надзорниот одбор на Банката и

Предлог-Одлука за усвојување на Консолидираната годишна сметка и Мислење на Надзорниот одбор. -------------------------------------------------------
Претседавачот појасни дека во консолидираната годишна сметка е прикажано финансиското работење на Банката, со утврден биланс на состојба и биланс на приходи и расходи на 31.12.2017 година, при што добивката по оданочување изнесува 845.307.731,00 денари. Претседавачот отвори дискусија по консолидираната годишна сметка на Банката. -------------------
Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа со писмена коресподенција, или јавно, со кревање на рака. За донесување на Предлог-Одлуката за усвојување на Консолидираната годишната сметка и Мислење на Надзорниот одбор, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ------------------------------------
Претседавачот констатира дека Собранието ја прифати Предлог-Одлуката и донесе Одлука за усвојување на Консолидираната годишна сметка и Мислење на Надзорниот одбор, и истата претставува Прилог Г кон овој Записник. ---------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина на седмата точка од Дневниот ред- Годишен извештај за работењето на Комерцијална Банка АД Скопје во 2017 година, со Мислење од Надзорниот одбор, и Предлог-Одлука за усвојување на Извештајот и Мислењето од Надзорниот одбор. ----------------------------------
Претседавачот отвори дискусија по Извештајот за работењето на Банката во 2017 година. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа со писмена коресподенција, или јавно, со кревање на рака. За донесување на Предлог-Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Комерцијална Банка АД Скопје во 2017 година, и на Мислењето од Надзорниот одбор, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). --------------------------------------
Претседавачот констатира дека Собранието ја прифати Предлог-Одлуката и донесе Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Комерцијална Банка АД Скопје во 2017 година, и на Мислењето од Надзорниот одбор, и истата претставува Прилог Д кон овој Записник. ------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина на осмата точка од Дневниот ред- Извештај за работата на Надзорниот одбор на Комерцијална банка АД Скопје во 2017 година, колективно и од аспект на поединечни членови, со Предлог-Одлука за усвојување на Извештајот. Претседавачот отвори дискусија по Извештајот за работата на Надзорниот одбор на Банката во 2017 година. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа со писмена коресподенција, или јавно, со кревање на рака. За донесување на Предлог-Одлуката за одобрување на Извештајот за работата на

Надзорниот одбор на Комерцијална банка АД Скопје во 2017 година, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). --
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа претседавачот ја стави на гласање одлуката од аспект на поединечни членови. ------------------------------------------------------------------------

За работата на членот на Надзорниот одбор г-ѓа Сава Димитрова, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). --

За работата на членот на Надзорниот одбор г. Таки Фити, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). --------------

За работата на членот на Надзорниот одбор г. Звоне Таљат, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). -------------

За работата на членот на Надзорниот одбор г-ѓа Маргот Џејкобс, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). --

За работата на членот на Надзорниот одбор г-ѓа Александра Максимовска, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). --

За работата на членот на Надзорниот одбор г. Сашо Наумоски, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). --

За работата на членот на Надзорниот одбор г. Горан Антевски, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). -

Претседавачот констатира дека Собранието ја прифати Предлог-Одлуката и донесе Одлука за одобрување на Извештајот за работата на Надзорниот одбор на Комерцијална банка АД Скопје во 2017 година, колективно и од аспект на поединечните членови, и истата претставува Прилог Ѓ кон овој Записник. ------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се пристапи кон деветатта точка од Дневниот ред- Предлог-Одлука за употреба и распоредување на нераспределената добивка до 31.12.2017 година. Претседавачот појасни дека со предложената Одлука се предлага остварената нераспределена добивка за 2017 година да се распредели и исплати во готово, и тоа: за дивиденда за обични акции во вкупен износ од 410.232.060,00 денари, и дел за резерви во износ од 410.348.498,00 денари. --

Претседавачот отвори дискусија по Предлог-Одлуката. ------------------------

Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа со писмена коресподенција, или јавно, со кревање на рака. За донесување на Предлог-Одлуката за употреба и распоредување на нераспределената добивка до 31.12.2017 година, акционерите односно нивните

полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ------------------------------------
Претседавачот констатира дека Собранието ја прифати Предлог-Одлуката и донесе Одлука за употреба и распоредување на нераспределената добивка до 31.12.2017 година, и истата претставува Прилог Е кон овој Записник. ---------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------
Се пристапи кон десетатта точка од Дневниот ред- Предлог-Одлука за определување на износот на дивидендата и датумите за исплата на дивиденда за 2017 година. Претседавачот појасни дека со предложената Одлука се предлага дивидендата за 1 обична акција да изнесува 180,00 денари, односно 18% од номиналната вредност на обичната акција од 1.000,00 денари, а 19.04.2018 година се предлага како датум на евиденција според која се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда за 2017 година. Со истата Одлука како последен ден за тргување со право на дивиденда за 2017 година се определува 17.04.2018 година, а како датум за отпочнување со исплатата на дивидендата се предлага 30.04.2018 година. -------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија по Предлог-Одлуката. ------------------------
Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа со писмена коресподенција, или јавно, со кревање на рака. За донесување на Предлог-Одлуката за определување на износот на дивидендата и датумите за исплата на дивиденда за 2017 година, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ------------------------------------
Претседавачот констатира дека Собранието ја прифати Предлог-Одлуката и донесе Одлука за определување на износот на дивидендата и датумите за исплата на дивиденда за 2017 година, и истата претставува Прилог Ж кон овој Записник. ---------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------
Потоа се пристапи кон единаесетата точка од Дневниот ред-Предлог - Одлука за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје. Претседавачот појасни дека со Предлог-Одлуката се врши усогласување на Статутот на Банката со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банката донесена од НБ на РМ на 06.02.2018 година, после што отвори дискусија по Предлог-одлуката. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа со писмена коресподенција, или јавно, со кревање на рака. За донесување на Предлог-Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе Одлуката за измена на Статутот на Комерцијална банка АД Скопје која ќе влезе во сила по добивање на согласност од Гувернерот на Народната банка на Република Македонија, и истата претставува Прилог З кон овој Записник. ---------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието продолжи со работа по дванаесетата точка од Дневниот ред- Предлог -Одлука за определување на друштво за ревизија на Комерцијална банка АД Скопје. Претседавачот отвори дискусија по Предлог-Одлуката. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа со писмена коресподенција, или јавно, со кревање на рака. За донесување на Предлог-Одлуката за определување на друштво за ревизија на Комерцијална банка АД Скопје, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ----------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја донесе Одлуката за определување на друштво за ревизија на Комерцијална банка АД Скопје, и истата претставува Прилог Ѕ кон овој Записник. --------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието продолжи со работа по тринаесеттата точка од Дневниот ред- Извештај за усогласеноста на работењето на Комерцијална банка АД Скопје со Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонската берза, со Предлог-одлука за усвојување на Извештајот. Претседавачот отвори дискусија по Извештајот за усогласеноста на работењето на Комерцијална банка АД Скопје со Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонската берза. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање. Акционерите гласаа со писмена коресподенција, или јавно, со кревање на рака. За донесување на Предлог-Одлуката за усвојување на Извештајот за усогласеноста на работењето на Комерцијална банка АД Скопје со Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонската берза, акционерите односно нивните полномошници се изјаснија со 1.323.930 гласа-ЗА (100%), 0 гласа-ПРОТИВ (0%), и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ (0%). ------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието ја прифати Предлог-Одлуката и донесе Одлука за усвојување на Извештајот за усогласеноста на работењето на Комерцијална банка АД Скопје со Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонската берза, и истата претставува Прилог И кон овој Записник. ---
----------------------------------------------------------------------------------------------------

По четиринаесетата точка од Дневниот ред- Програма за мерки и активности на деловната политика и финансискиот план на Комерцијална банка АД Скопје за 2018 година, усвоена од Надзорниот одбор на Банката,

Претседавачот ги извести акционерите дека Програмата им е претставена заради нивно информирање. ----------------------------------------------------------------
За збор се јави акционер кој наведе дека не е задоволен од финансискиот план и проекциите за финасиско работење на Банката во наредниот период и дека се плаши за иднината на Банката бидејќи кредитирањето ќе стагнира, а другите банки ќе имаат поголем раст. Наведе дека Банката има големи резервации од 220-230 милини евра како резултат на пласмани на сомнителни фирми како што се Брилиант, Топлификација, Когел и други. Смета дека е добро што фирми како Адора и Гранит се влезени како акционери на Банката и се надева дека ќе има нивни претставници во органите на Банката. Смета дека Банката како резултат на забавено кредитирање и лоши пласмани при кредитирањето од прво место е сведена на трето место, а за пет години ќе биде на петто место, бидејќи Стопанска банка и НЛБ Банка веќе ја имаат престигнато со број на пласирани кредити. Побара информација за статусот на кредитите на Топлификација и Когел и колкави се резервациите за овие кредити. Наведе дека персоналот во филијалите на Банката е нељубезен и непрофесионален поради што има пад на провизиите. Смета дека треба да се престане со политика на кредитирање на блиски фирми и да се кредитираат млади фирми со раст, бидејќи Банката во следната година ќе добие пари од резервации кои треба да бидат пласирани како кредити. -----
Претседавачот г.Гечев наведе дека не се во целост точни бројките кои ги изнесе акционерот и дека истиот изразува свое субјективно мислење, а со оглед на тоа што оваа точка е само заради информирање на акционерите, за истата нема да се одлучува. --------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

Откако констатира дека се исцрпени сите точки од Дневниот ред, Претседавачот им се заблагодари на присутните акционери и нивни полномошници за нивното присуство и учество во работењето на Собранието, после што ја затвори седницата во 12 (дванаесет) часот и 45 (четириесет и пет) минути. ----------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој записник лично го составив и лично му го прочитав на Претседавачот на Собранието, и дека го предупредив на правните последици од ваквата правна работа. ----------------------------------------------------
Странката изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој записник во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието. ------
Овој записник е составен на единаесет страни од единаесет листа. На странката и е издаден еден извод за претседавачот лично, еден извод за Друштвото, еден извод за лицето овластено за застапување на Друштвото и еден извод за Централниот регистар на Република Македонија. Изворникот на записникот се чува во мојата архива. -----------------------------

Нотарската такса по тарифен број 27 од Законот за судски такси во износ од 500,00 денари е уредно наплатена. -----------------------------------------------------
Нотарската награда е пресметана во износ од 11.000,00 денари, согласно член 41 став 1 точка г) и член 42 став 2 од Нотарската тарифа (Службен весник на Република Македонија, број 226/2016). -----------------------------------

За Учесникот во постапката, Претседавач г. Илија Гечев, с.р.

Нотар
Зорица Пулејкова

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ

Јас НОТАР, ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА

ул. Кузман Ј. Питу 15 лок. 6 Скопје

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв извод - потполн - во изводок, кон кого не се приложени - се приложени ______ преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 293/18

Во Скопје, 04.04.2018 година НОТАР,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ